SSWAHTU: 825
MACEDONIAN
APRIL 2008

SOUTH EASTERN SYDNEY ILLAWARRA
NSW HEALTH

# СОВЕТ ЗА ПАЦИЕНТИ КОИ ИЗЛЕГУВААТ ОД БОЛНИЦА ПОСЛЕ ОПЕРАЦИЈА ЗА ПРЕСАДУВАЊЕ НА РОЖНИЦА

# (ADVICE TO PATIENTS LEAVING HOSPITAL AFTER CORNEAL GRAFT SURGERY )

## Што е тоа рожница (What is a cornea?)

Вашата рожница (cornea) е чистиот стакло-провиден слој на предниот дел од окото. Улогата на рожницата (cornea) е да пренесува светлина и да го фокусира она што го гледаме.

## Зошто ви треба пресадување на ражница ? (Why do you need a corneal graft?)

Пресадувањето на рожница (или трансплант) се врши со цел да ви се поврати видот или спречи очна болка. До рожно слепило (“перде“) може да дојде по пат на повреда, инфекција или вродени болести. Исто така, понекогаш се користи пресадување на рожница со цел да се спречи болка кај пациенти кои патат од повратни меурчиња во нивните рожници.

## Што е тоа пресадување на рожница? (What is a corneal graft?)

Во текот на пресадување на рожница оштетената рожница се заменува со парче здрава рожница од иста големина земено од око подарено на банката за очи (eye bank). Пресадувањето на рожница е најчесто изведувана процедура на пресадување на човечки трансплант во денешно време.

## Оздравување после пресадување на рожница graft) (Healing after a corneal graft)

- ќе поминат неколку месеци пред да ви се стабилизира видот, но индивидуалните искуства можат да бидат различни.
- пред да дојде до оздравување шавовите од пресадувањето на рожница можат да предизвикаат неудобност (блага болка или мал јадеж), но ова многу ќе се подобри во текот на првите неколку дена по операцијата.

- проценувањето на растојанијата може да биде отежнато поради промените на видот во оперисаното око. Бидете внимателни при користење на скали, надворешни прошетки и кога наливате жешки течности.
- Одбегнувајте очна инфекција така што ќе го заштитите окото со пресадена рожница од загадување. Ова вклучува носење на препишани наочари или наочари за сонце кога излегувате надвор, носење на пластичен штит за окото навечер, нетриење на окото и недозволување водата од чешмата да го испрска оперисаното око внатре.
- ако ги потрошите капките пред следниот закажан лекарски преглед, ве молиме земете рецепта од вашиот лекар за да продолжите понатаму со лечењето на окото.

## Очна болка (Eye Pain)

Ако почуствувате силна болка или ако лекот против болки не ја отстранува очната неудобност, морате за тоа да го известите вашиот очен лекар или болничкиот персонал. Силната болка може да укажува на инфекција во вашето око. Оваа состојба е сериозна и бара медицинско внимание.

## Мерки на претпазливост после пресадување на Рожница (Precautions after corneal grafts)

- Кога ќе започнете пофторно да се бавите со спорт во целост, многу е важно да запмтите дека морате да го заштитите окото со пресадена рожница. Размислете за употреба на заштитни наочари (goggles)/наочари во идните спортски активности. Мора да ги одбегнувате допирните спортови (нпр. рагби, боксирање), и за неколку месеци да го одбегнувате пливањето.
- Во секое време во текот на вашиот живот може да се случи вашиот организам да ја отфрли пресадената рожница. Морате веднаш да го контактирате вашиот лекар или болничкиот персонал ако осетите влошување на вашиот вид.

## Важно е редовно да присуствувате на последователните прегледи.

## (It is important that you attend your follow-up appointments on a regular basis)